UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Политички науки (2020/2021)** |
| Факултет | Современи Општествени Науки |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |
| Код | N-MPAPS120C |
| Титула | Магистер по политички науки |
| Архивски број на акредитација [120] | 03-355/1 |
| Архивски број на акредитација [] | |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 15.02.2021 |

# Опис на програмата

Преку програмата од вториот циклус Политички науки студентите ќе стекнат знаење за менаџмент, консалтинг, политички знаења, аналитички знаења, правни знаења, вештини и компетенции, кои ќе се применуваат во владините и во невладините организации.

# Кариера

- Во областа на политичките науки, јавните политики, управување со човекови ресурси, економијата и јавните институции и др.
- Обука и компетентност за управување и максимално искористување на ресурсите за стекнување нови знаења.
- Планирање нови политики од различни области кои се важни за државата и општеството.
- Подготовка за активно ангажирање во водечки научно-истражувачки проекти.
- Со стекнати научни и стручни знаења тие се подготвени да бидат вработени во специјализирани институции од различни области во јавниот и државниот сектор, приватниот сектор и граѓанското општество.

# Резултати од учењето

**Знаење и разбирање**

- Има напредни знаења за теоретските прашања кои се однесуваат на политичкиот живот.
- Има длабоко разбирање за значајните принципи и политичките процеси.
- Има одлично познавање во политичките науки, преку развој и примена на оригинални идеи од истражувачки контекст.

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Може да асистира во решавање на проблемите од политичка природа преку институционален план.

- Во состојба е да го анализира, да го оценува и да го толкува постојниот политички систем на Македонија, и да изнаоѓа решение за проблемите кои се однесуваат не меѓуетничките односи.
- Може да земе активно учество во сите нивоа во институциите на политичкиот систем и да применува напредни знаења за политички прашања.
- Може да ги анализира главните аргументи во политички контекст, и да ги применува научните политички наоди во нови ситуации.
- Може да протолкува одредени податоци и истовремено да дискутира за нивната важност во политички живот.

**Способност за проценка**

- Да ги критикува актуелните политички прашања и да даде алтернативни решенија за нивно подобрување.
- Има способност да избере тема и да ја развие за одредена цел и за одреден аудиториум со цел почитување на различните политички перспективи.
- Да ги оценува предностите и слабостите на политички процеси во Македонија.
- Да аргументира и одбрани политички појави и да биде способен нив да ги оцени преку емпириски и теоретски методи.
- Да ја процени појавата на политичките институции, нивната работа, како тие комуницираат со нивната надворешна средина, и како тие ја влијаат на индивидуалното и колективното однесување.
- Да направи процена помеѓу анализата и мислата и да пресудува за политички феномени.

**Комуникациски вештини**

- Може да подготви политички говор и да употребува соодветна политичка терминологија.
- Може да ги истакне заклучоците на своите научни истражувања и знаењата пред поголем аудиториум надвор од традиционалната академска фела.
- Може да артикулира информации и идеи на политичките партии и на граѓаните.

**Вештини на учење**

- Може да го продолжи своето индивидуално учење, да се самообразува и да се унапредува во рамките на процесот на доживотно учење, грижејќи се за достапните ресурси во рамките на политичкиот систем.
- Може да презема иницијава за идентификување на потребите за учење на групите и институциите за комплексни специфични политички прашања.
- Во состојба е да ги обучи граѓаните за политичките права во согласност со македонскиот правен поредок.
- Демонстрира напредно познавање на приодите кон проучување на политичките науки, нормативни наспроти емпириски теоретски пристап, квалитативни спроти квантитативни стратегии на истражување и на класични и современи политички теории.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [MCDP1020] [6.0 ЕКТС] **Меѓународни институции**
- [MCPS1014] [6.0 ЕКТС] **Разрешување на конфликти**
- [MCPS1015] [6.0 ЕКТС] **Компаративни политики**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 2

- [MCPA3040] [6.0 ЕКТС] **Политички менаџмент**
- [MCPS3010] [6.0 ЕКТС] **Меѓународно јавно право**
- [EMPS2040] [6.0 ЕКТС] **Анализа на надворешна политика**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 3

- [MCPA1010] [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**

- [MCPS3011] [6.0 ЕКТС] **Општество и политика**
- [MCPS3012] [6.0 ЕКТС] **Систем на меѓународно хуманитарно право**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 4

- [MCPS4010] [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Меѓународни институции**
  Во рамките овој предмет се опфатени теоретски прашања во однос на меѓународните институции на универзално и регионално ниво, нивниот историски развој, улогата, функциите и надлежностите. Посебно внимание се посветува на прашањето на нивната улога во решавање на колективните прашања и проблеми во глобалната политика. Фокусот е на нивната улога во сферата на мирот и безбедноста, економскиот развој, правата на човекот, демократијата и владеењето на правото. Фокусот е ставен на главните тела воспоставени во рамките на институциите, задолжени за реализирање на поставените цели.

- **Разрешување на конфликти**
  Во рамките на предметот се проучуваат судските и вонсудските процедури за решавање спорови помеѓу државите. Притоа се обработуваат улогата на преговорите, медијацијата и помирувањето и улогата на Обединетите нации за мирно решавање меѓународни спорови. Се проучува и системот на меѓудржавната арбитража: ад-хок и таа во рамките на веќе создадените трибунали како Иран-УСА, Трибуналот Клејмс и ИЦСИД. Ќе бидат изучувани практиките и процедурите на Меѓународниот суд за правда и негови капацитети, како и механизмот за решавање меѓународни спорови за човекови права, во трговското право и во поморското право.

- **Компаративни политики**
  Предметот „Компаративни политики„ има за цел снабдување на студентите со знаења околу најразвиените политички системи во современиот свет, се разбира без да се остават на страна политичките системи на земјите што ја опкружуваат РСМ како и политичките системи на помалку развиените земји низ целиот свет. Овој предмет е дел од додипломските и постдипломските студии во најголемиот број на факултети од областа на јавната администрација, правните факултети и факултетите по политички науки. Во текот на целиот предмет ќе се прават паралелизми и споредбени анализи меѓу функционирањето на институциите на политичките системи во земјите кои ќе се изучуваат, како меѓусебно така и со случајот на политичкиот систем на РСМ во правец на изнаоѓање добри практики со кои би се унапредил и политичкиот систем на РСМ.

- **Политички менаџмент**
  Основни цели на предметот: - Да стекнат основни знаења за поимите политика и менаџмент. - Да се запознаат со основните алатките и активностите во врска со разликување на политичките процеси според различни критериуми. - Да стекнат адекватни знаења за подготовка на анкета и теренско работење. - Да ги применат стекнатите знаења од другите предмети и да ја надградат посебната методологија за изработка на есеи и семинарска работа. - Да ги анализираат изборните процеси и начинот на изведување. - Да се оспособат да подготват политички говор и да се симулира појава на политички настан. - Да се способност за активна учество во дебата организирани од студентската унија. - Да подготват и да учествуваат во истражувачки проекти и да презентираат резултати на научноистражувачката дејност. - Да детерминираат различни начини и да употребуваат научните извори, да читаат селективно и компаративно и да ги анализираат политичките процеси.

- **Меѓународно јавно право**
  Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со базичните концепти на меѓународното јавно право, честопати идентификувано со меѓународното право воопшто, кое своите основи ги добива во седумнаесеттиот век, како право на нациите, за што сведочи и името на денес најзначајната универзална организација - Обединетите нации. Ќе се запознаат со современото меѓународно јавно право, кое ги уредува односите меѓу држави, меѓу држави и меѓународни организации, меѓусебните односи на меѓународните организации и

однесувањата на физичките и на правни лица за кои државите и меѓународните организации сметаат дека се важни за меѓународната заедница.

- **Анализа на надворешна политика**
  Преку овој предмет преку анализа на трудови објавени за надворешната политика студентите ќе се оспособат за тоа како надворешнополитичките средства може да се применат во конкретна студија на случај. Се очекува студентите да можат критички да размислуваат за надворешнополитичките методи кои ги преземаат државите и меѓународните организации, како и за нивната поврзаност со дипломатските методи.

- **Методологија на истражување**
  Овој предмет е дизајниран за студенти кои се подготвуваат за изработка на магистерска теза. Главните цели на предметот е да им се понудат алатки на студентите за коцептуализација на нивната теза во однос на изнаоѓање истражувачко прашање и создавање методи за прибирање податоци преку и квалитативна и квантитативна анализа. Предметот е фокусиран на проблемите на квантитативните методи и техники, како што е статистичката анализа, текстови поврзани со теоријата и тестирањето хипотези. Потоа од значење се и темите за дескриптивна и каузална инференција, лонгитудинални, компаративни истражувања и студија на случај. Напредни информации ќе се нудат за прибирање податоци работејќи со текст. Целта е анализирање квалитативни податоци, финално ставање на сите теоретски и практични дејствија во функција на дизајнирање и пишување на тезата.

- **Општество и политика**
  Целта на предметот „Општество и политика“ е студентите на постдипломските студии да стекмат проширени знаења од областа на општествените движења и текови. Предметот опфаќа анализа како на теориите на општеството и политиката така и нивна практичната примена и нивни ефекти. Притоа посебно внимание се посветува на главните идеи кои стојат позади теориите како и сличностите и разликите меѓу нив. Станува збор за предмет кој врши меѓу другото и обработка на некои основни општествени движења, почнувајќи од тие со кои сите ние се соочуваме како граѓани и академски личности. На студентите им се става во располагања цел спектар на литература од домашни и од странски автори со што ќе се овозможи проширување и развој на нивните знаења од областа на темите кои се предмет на анализа. Како цели на овој предмет може да се истакнат следниве: - Студентите да стекнат соодветни знаења од областа на општеството и политиката. - Студентите да ги разберат основните концепти и теории на општеството и политиката. - Студентите да создадат логичко и критичко размислување околу научната рамка на општеството и политиката. - Студентите да се оспособат да ги распознаат основните парадигми и правци во општеството и политиката. - Студентите да се оспособат да ги распознаат основните парадигми и правци во општеството и политиката;

- **Систем на меѓународно хуманитарно право**
  Целта на овој предмет е да се изучуваат меѓународниот систем за човекови права, политиката и практиката. Во рамките на предметот ќе се испитуваат глобалните и регионалните механизми за заштита на човековите права, како и меѓународното хуманитарно право и меѓународното кривично право. Ќе се анализира и ќе се дебатира за актуелните прашања и случувања во областа на човековите права. Целта е да унапредува критичкото разбирање на улогите, еволуцијата и на иднината на меѓународните институции за човекови права. По успешното завршување на овој модул студентите ќе бидат способни да ги разбираат институционалните основи на современиот меѓународен режим за човекови права и да ја разберат улогата на бројните актери вклучени во промоцијата и заштитата на човековите права.

- **Магистерски труд**
  Овој предмет им овозможува на студентите да ги пренесат своите вештини и знаења за истражување и за составување на покомплицираната задача - пишувањето на магистерскиот труд. Предметот е наменет да биде целосно практичен и студентите да ги стекнат потребните знаења, способности, вештини и доверба за да пристапат кон истражување и пишување на тезата. Предметов има единствен повратен резултат - да им овозможи на студентите да ја пишуваат магистерската теза со минимални тешкотии и со максимална ефективност. Сè што е предвидено е во насока на подобрување на техниките на истражување и на стилот на пишување на магистерската теза водејќи сметка притоа за забраната со служење со недозволените средства како: плагијаторство и повреда на авторските права, кои се забранети со Статутот на УЈИЕ

## Изборни предмети

- **Анализа на јавни политики**
  Предметот има за цел да им овозможи на студентите да ги дефинираат и да ги илустрираат анализата на политиките и нејзината улога во креирањето и трансформирањето на информациите релевантни за политиките. Не постои согласност за тоа како прецизно да се дефинира јавната политика. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со оваа поле и критички да ги анализираат развојот и појавите во областа на јавна политика. Анализа на јавните политики е дисциплина за решавање на проблеми кои извлекува знаења од методологиите и основните теории на општествените науки, на општествените професии и на филозофијата на политиките.

- **Лидерство и организациски развој**
  Наставата по предметот Лидерство и организациски развој се воведува како дел од студиската програма по јавна администрација. Целта на предметот е да им се овозможи на студентите да научат како лидерите и раководителите ги развиваат и ги спроведуваат мисијата и визијата на одредена организација во јавниот сектор; развивање вредности кои се неопходни за долгорочниот успех и нивна примена преку соодветни активности и навики; како лидерите и раководителите лично се вклучени во обезбедувањето сигурност дека системите за управување со организацијата ќе се развиваат и ќе се спроведуваат; начинот како организацијата ги спроведува својата мисија и визија преку јасна стратегија заснована на мислењата на сите заинтересирани страни, поддржана преку сите релевантни политики, планови, цели и процеси.

- **Дипломатија и дипломатски методи**
  Во рамките на овој напреден предмет се проучуваат: функциите на дипломатијата, создавањето и прекинувањето на дипломатските односи, релациите меѓу дипломатските и надворешните политики, дипломатските тајни служби и шпионирањето и принципите, практиките и проблемите на дипломатскиот имунитет. Се проучува организацијата на дипломатските мисии надвор од земјата, улогата на амбасадорите и другите дипломатски службеници, вклучувајќи ја нивната одговорност спрема нивните влади, како и нивниот однос со владите на земјите во кои тие се назначени. Се врши анализа на тоа како дипломатијата е поврзана со комуникациите, конфликтот, менаџментот, преговорите и се дискутира за специјализираната дипломатија и за влијанието на технологијата на дипломатијата. Преку предметот се нуди специјализиран тренинг за структурата и механизмите на дипломатијата со екстензивно користење на симулациските техники. Се развиваат: нагласените способности за пишување и зборување, професионалната етика, преговарачките техники и се проучува бирократска организација. Студентите се оспособуваат за подготвување фактички и аналитички извештаи и меморандуми, предлог-политики и формална дипломатска коресподенција како и за аспекти на односи со јавноста, јавни изјави за политиката и конференции за печат.

- **Светски политики**
  За да се разбере светската политика на 21 век, потребни се точни и ажурирани информации, интелектуална анализа и интерпретација. Светот е во процес на постојани и брзи промени, затоа е потребно да се опише точно, да се објаснат и да се предвидат големите настани и прашањата кои се откриваат во меѓународните односи. Оваа интелектуална обврска треба да се разјасни добро, така што граѓаните на светот, студентите и креаторите на политиката да го користат ова знаење и да дојдат до своите одлуки за соочување со глобалните проблеми кои се присутни.

- **Европска унија: институции, политики и права**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со комплексноста и со развојот на европската интеграција, а со самото тоа и со развојот на: институциите (политички и правни), нивната природа и посебностите, легислативата и политиките. Воедно, основната цел е запознавање на студентите со главните теоретски толкувања на развојот на Европската унија и согледување на сегашните и можни идни предизвици со кои ЕУ се соочува, пред сè, во однос на нејзините институции, политики и право.

- **Етика во политиката**
  Цели на предметот: - Има знаења и ги разбира семантиката и концептите на моралот со етиката, стандардите на однесување, моралното расудување и моралната филозофија. - Развива став за позицијата на моралот во професионалниот живот. - Формира јасни ставови за правата и одговорностите на вработениот во јавната-државната администрација. - Способен е да се соочи со етички проблематични ситуации. - Има чувство за карактерот кој се бара во професијата на администраторот. - Запознаен е со литературата за етиката во сферата на политичките науки. - Подготвен е да употребува комуникативни алатки и да ги почитува етичките стандарди во работата со државните институции и јавните актери.

- **Меѓународен тероризам**
  Предметот „Меѓународен тероризам“ е наменет за анализа на тероризмот воопшто, придавајќи особена

важност на тероризмот како посебна форма на политичко насилство. Од овој аспект гледано може да се утврдат следниве основни цели на предметот: - Студентите да стекнат специфични знаења за природата на теротизмот. - Студентите да стекнат соодветни знаења околу историјата на тероризмот. - Студентите да се запознаат со основните теоретски познавања за поголемите терористички групи со современиот глобален свет. - Студентите да се запознаат со основните пристапи и стратегии за соочување со современиот тероризам. - Студентите да создадат критичко мислење за ефектите од актите на тероризам, согледувајќи ги и основните цели за нивно преземање. - Студентите да се оспособат критички да ги анализираат реакциите и мерките за борба против тероризмот преземени од националните власти во различни делови на светот и во РСМ.

- **Одржлив развој**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат и сеопфатни знаења во однос на одржливиот развој како нов концепт на развој кој се наметнува на глобалната сцена, кој може да овозможи опстанок на планетата Земја. Студентите ќе стекнат нови знаења за појавата на концептот на одржливиот развој, значењето и супериорноста на концептот на одржливиот развој, глобалните проблеми на животната средина, разбирање на принципите и димензиите на одржливоста, а притоа ќе бидат во можност да ја осознаат политиката на ЕУ за одржлив развој, начинот на кој РСМ гради политика на одржливост на развојот. Изучувањето на овој предмет ќе придонесе за стекнување продлабочено знаење за одржливиот развој, на меѓународно ниво, на ниво на Европската унија и нејзините земји членки, како и во РСМ.

- **Реторика**
  Во текот на својата историја долга 2500 години, реториката се користи за означување многу нешта, но под реторика денес се подразбира уметноста на убедување преку јазик. Реториката го означува начинот на кој поединецот се надоврзува на одредена тема или идеја со цел да го убеди другиот. Реториката ја карактеризираат неколку главни одлики и најпрвин ги дефинира одредените типични ситуации на говорот.

- **Мултилингвализам и мултикултурализам**
  Цел на овој предмет ќе биде разгледување на повеќејазичноста во мултикултурните општества, како социјална појава. Оваа појава е масовна во светот. Во предавањата ќе се разгледуваат попрецизно термините: еднокултурност, повеќекултурност, мултикултурност. Ќе биде разјаснет поимот лингвистички национализам, а се изделуваат две форми на ваков национализам, при што едната се судира со другата: кај водачите на најмоќните земји национализмот значи ширење, а за малцинствата тој добива форма на непокор и борба за афирмација на идентитетот, наспроти таков притисок. Видно место во програмата ќе зазема и мултикултурализмот во сферата на образованието.

- **ИТ-апликации за изработка на научен труд**
  Целта на овој предмет е: - Да им се прикажат техничките елементи, структурата на текстот и дизајнот на еден научен труд. - Да им овозможи на студентите да стекнат понапредни познавања и вештини од одбрани напредни поглавја од ИТ-апликации, кои ќе им бидат потребни при изработка на научни и стручни трудови. - Практична примена на овие цели при изработка на индивидуален научен труд на студентот.

- **Професионална комуникација**
  Предметот е фокусиран на развојот на оние комуникациски вештини кои се суштествени за ефикасно функционирање во професионалниот свет. Студентите ќе го совладуваат процесот на анализа на различни комуникациски ситуации, и тоа како соодветно да одговорат на нив. Меѓу темите кои ќе бидат вклучени се и комуникација во организации, интерперсонална и групна комуникација, усни презентации, интервјуа за вработување, професионални деловни писма, како и интерперсонални вештини, вклучувајќи групна динамика и тимска работа.

- **Менаџмент на проекти**
  По успешното завршување на наставата, студентите треба да бидат способни: - Да ги планираат активностите неопходни за реализација на проектот, да ја идентификуваат нивната меѓузависност во поглед на времетраењето и трошоците. - Да ги подготвуваат потребните извештаи и да ја реализираат целокупната потребна комуникација меѓу проектот и клиентот, како и меѓу членовите на тимот и другите стејкхолдери. - Да го структурираат проектот со своите составни активности. - Да изработат гантограм и мрежен дијаграм на проектот и да го утврдат најкраткото време за реализација на проектот. - Да користат софтвер МС Проект како алатка во процесот на планирање, иимплементација и при надзор врз проектот. - Да го дефинираат проектот, да ги идентификуваат неговиот обем и неговите цели, како и да развијат проектна спецификација.

- **Методи на оптимизација**

Целта на овој предмет е да се презентираат техниките на моделирање и оптимизација со цел да се оспособи студентитет за развивање модели кои се користат за решавање реални проблеми од обласа на компјутерските науки. Целта на овој предмет е да се анализира важноста на матричното факторизирање како една важна алатка што нуди модалитети за оптимизација на решенијата на различни нумерички алгоритми кои се од основен интерес за решавање проблеми од обласа на компјутерските науки. Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со основите на теоријата на оптимизација и со методите на изнаоѓање на оптимумот. Ќе се анализираат различни методи на оптимизација, како што се: симплекс методата, проблемот на дуалноста и сензитивноста на проблемите на линеарното програмирање. Ќе се анализира компјутерската примена на секој анализиран проблем, предложувајќи и соодветен модел за оптимизација.

- **Етички и правни прашања во информатички технологии (ИТ)**
  Цели на предметната програма: - Да се разбере реалниот однос меѓу компјутери, технолошки промени, општеството и законот. - Да се истакне моќната улога која компјутерите и компјутерски професионалци ја имаат во технолошкото општество. - Да се разберат правните области, кои се релевантни за компјутерската дисциплина. - Да се разберат етичките концепти кои се важни за корисниците на компјутери и за професионалците. - Да се стекне искуство за разгледување етички прашања и за решавање етички дилеми.

- **Заштита на човековите права**
  Целта на овој предмет е: да ги запознае студентите со концептот на меѓународното право за правата на човекот, спроведување на тие права во праксата, нивното влијание во креирањето на националните политики; да ги поттикне студентите да размислуваат критички на односот меѓу меѓународното право и националното право; да ги направи свесни за сегашните меѓународни настани, како тие влијаат врз секојдневниот живот на луѓето во светот; да ги поттикне студентите да го дадат својот придонес во обласа на изготвување на законите за заштита на човековите права, со надеж дека донесувачите на одлуки ќе ги земаат во предвид во процесот на создавање и спроведувањена државните политики.